MKSN
MKSafeNet

Ко-финансирано од
Европска Унија

# MKSafeNet

## Зајакнување на дигиталната безбедност
## на децата и младите во Република Северна Македонија


Д-р.Андријана Богдановска Ѓ.
Центар за управување со знаење




Скопје, ноември 2025

MKSafeNet

# За проектот MKSafeNet

- Период: 1.9.2024 – 1.3.2026
- Финансиран од Digital Europe
- Да ги подобри националните капацитети за обезбедување совети, поддршка и заштита на децата, родителите, наставниците и другите засегнати страни во врска со дигиталната безбедност на децата и младите.



MKSafeNet

# Клучни цели на проектот

- Воспоставување Национален центар за побезбеден интернет (SIC):
  - Центарот ќе обезбедува информации за деца, едукација, алатки за подигање на јавната свест и советување за безбедност на интернет.
- Развој на ресурси соодветни на возраста:
  - Проектот ќе создава и шири онлајн ресурси за безбедност, кои ќе се интегрираат во наставните програми преку работилници, училишни посети и други активности.
- Поддршка за телефонска линија за безбедност на интернет:
  - Ќе се воспостави телефонска линија која ќе обезбедува навремена поддршка и советување.
- Обучување на професионалци и родители:
  - Проектот ќе понуди специјализирани програми за обука за наставници, родители и други засегнати страни, за подобрување на дигиталната писменост.
- Мрежа за размена на информации:
  - размена на информации меѓу локалните, националните и европските актери за новите онлајн ризици, преку технолошки платформи и истражувачки мрежи.

# Партнери

- Министерство за дигитална трансформација
- Центар за управување со знаење (ЦКМ)
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (УКИМ)
- „Св. Климент Охридски“ Универзитет во Битола, Факултет за информатички и комуникациски технологии (УКЛО)
- Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје (МАГМА)
- Сајбер-безбедност, корпоративна безбедност и иницијатива за управување со кризи (C3I)
- ИМПЕТУС – Центар за развој на Интернет и добро владеење (ЦИДГГ)
- Првата детска амбасада во светот – Меѓаши
- Институт за дигитализација, економија и иновации (ИДЕИ)
- Институт Netting
- Биро за развој на образованието (БРО)
- Универзитет на Југоисточна Европа (ЈИЕУ)

# За Настанот MKSafeNet Innovators 2025!

🗓️ **Датум и место:**
ќе се одржи на **13 ти 14ти декември 2025 година** во **Скопје, Тетово и Битола**.
Настанот ќе трае **два дена**.

👥 **Кој учествува?**
Студенти на сите приватни и државни универзитети, организирани во **тимови од 2 до 4 члена**.

🎯 **Цел на настанот:**
Поттикнување на младите да креираат **дигитални**, **креативни и едукативни материјали и решенија** за **безбедно и одговорно користење на интернетот**, направени од млади – за млади.

🎓 **Целна група:**
Решенијата ќе бидат наменети за млади, ваши **врсници.** како и за **наставници и родители** кои ќе можат да ги користат во училишна или домашна средина.

MKSafeNet

# MKSafeNet Innovators 2025!

## Заштита на правата на децата и младите во интернет просторот

Др. Ана Секуловска
Центар за управување со знаење



# Изложеност на ризици на Интернет

- 🔺 **Зошто младите се ранливи?** Децата и тинејџерите се изложени на висок ризик на интернет заради нивната зголемена активност и недоволно развиени критички вештини. Тие често се мета на несоодветна содржина, онлајн предатори и сајбер насилство, што бара континуирана едукација и надзор.

- 💡 **Што сакаме да постигнеме?** Оттаму, нашата заложба е материјалите и решенијата што ќе произлезат од овој настан да имаат практична примена и да обезбедат системски пристап до информации и мерки за заштита од најчестите категории на ризици со кои се соочуваат младите во дигиталното опкружување.

# Кои се најчестите Интернет ризици?

1. **Содржински ризици -** Се однесуваат на штетна или несоодветна содржина што може да се најде на интернет
2. **Контакт ризици** - Произлегуваат од комуникација со непознати или опасни личности
3. **Ризично однесување** - Се однесуваат на сопственото однесување на интернет
4. **Договорни ризици -** се ризици кои произлегуваат од неразбирање, злоупотреба или присилно прифаќање на онлајн договори, услови за користење или политики на приватност, најчесто од страна на деца и млади лица.

# Предлог содржини за натпреварот (не исклучуваат и други идеи и решенија):

🛡️ **Развивање на едукативни алатки за дигитална безбедност**
Интерактивни дигитални решенија кои ја подигнуваат свеста за ризиците на интернет и ги учат добрите практики за безбедно користење на интернет.

🤝 **Поддршка на дигитална писменост „peer-to-peer“.**
Решенија кои ќе ги поттикнат младите да си помагаат и да се едуцираат меѓусебно за безбедно и одговорно однесување на интернет.

🔍 **Борба против дезинформации и дигитална манипулација**
Идеи за откривање, критичко размислување и подигање на свеста за лажни или штетни содржини на интернет.

🌱 **Промовирање на здрави и врамнотежени дигитални навики**
Работете на идеи кои им помагаат на целните групи да развијат позитивен однос со технологијата и онлајн светот.

📬 **Подобрување на соработката помеѓу учениците, наставниците и родителите**
Развијте концепти кои ја зајакнуваат соработката и комуникацијата околу безбедноста на интернет помеѓу училиштата, семејствата и младите луѓе.

MKSafeNet

# Некои насоки како може да го реализирате тоа:

- **Интерактивни дигитални содржини**

Креирајте интерактивен дигитален материјал  како што се: видео, квиз, анимација, симулација, онлине едукативна игра, дигитален водич, и слични формати на материјали

- **Користење на вештачка интелигенција**

Истражете како вештачката интелигенција може да помогне да се подобри безбедноста на дигиталните интеракции и да се заштитат корисниците од штетно однесување.

- **Паметни системи за побезбедни онлајн средини**

Дизајнирајте софтвер или алатки кои помагаат да се создадат побезбедни дигитални простори во училиштата и заедниците.

**Листата не е исклучива!**

# MKSafeNet Innovators 2025!

## Правни и етички аспекти

м-р. Ирена Бацановиќ Карапашев
Центар за управување со знаење



# Правни и етички аспекти

Пред да почнеме со реализација , мора да се потсетиме дека дигиталните материјали имаат и одговорност.

## Ограничување на возраста

- Платформите за друштвени мрежи бараат од корисниците да бидат 13+ или 16+
- Неопходна е родителската согласност за малолетниците.
- Ограничувањето на возраста е во насока на обезбедување безбедност и приватност.

## Приватност и заштита на личните податоци

- Се регулира собирањето и споделувањето податоци (особено лични податоци).
- Соодветните поставки за приватност ги штитат чувствителните информации.
- Правни последици: Тие кои нема да ги заштитат податоците на корисниците може да се соочат со парични казни според прописите за заштита на личните податоци.

# Превенција од лажни вести и дезинформации

- Неточни или измислени информации што можат да доведат до заблуда, страв или погрешни одлуки.
- Проверете ги фактите и изворите пред јавно да споделите содржина на интернет

Правни последици:

- Намерното ширење дезинформации може да резултира со парични или затворски казни (алтернативни мерки).
- Но не треба да прифатите однесување со кое самите го ограничувате своето право на слобода на говор и мислење.



# Заштита на интелектуалната сопственост

Со интелектуалната сопственост се заштитува: песна, видеа, слики, код и сл.

- Свесност за прописите за ИС и добивање дозвола за користење на трговски марки/авторски права.
- Важно е да се почитуваат туѓите креативни дела!

Ве охрабруваме да користите ресурси кои се достапни за јавно користење односно за кои постојат бесплатни лиценци.

**Правни последици:**

- Прекршувањето на заштитен знак може да доведе до одговорност.
- Потенцијални казни или штети од сопственикот на трговската марка/авторско право, во зависност од сериозноста на злоупотребата.

# Етичко однесување

- Дури и надвор од законските барања, практикувајте етичко однесување на интернет

- **Внимавајте на дигиталниот отепчаток кој го создавате !!!**



Ко-финансирано од
Европска Унија

# MKSafeNet Innovators 2025!

## Апликација и Евалуација



# Што содржи апликацијата?

🔹 **Основни информации:**

1. **Име и презиме на контакт лице**
2. **Е-пошта и телефон за контакт**
3. **Опис на Тимот (2-4):** Имиња, Универзитет, вештините и улогите на секој член на тимот

💡 **ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ВАШЕТО РЕШЕНИЕ / ИДЕЈА :**

4. **Име на идејата за решение, материјал**
5. **Опис на решението, материјалот**
6. **Опис на целната група (дадете краток опис за возраста, интересите, и контекстот на кого се однесува вашето решение / идеја)**
7. **Зошто ја одбравте токму оваа тема за да ја опфатите со вашето решение?**
8. **Како планирате да ја направите содржината интересна и разбирлива за целната група?**
9. **Кои формати размислувате да ги користите?**
10. **Како ќе се погрижите вашата содржина да биде точна и проверена?**
11. **Линк до дополнителни материјали (изборно)**

📌 **Рок за пријавување до 26-ти ноември 2025**

📢 **Резултатите ќе бидат објавени на 03 ти декември 2025**

# Критериуми за Евалуација

**Релевантност и јасност на идејата -** Дали идејата е објаснета и разбирлива? Дали е важна и соодветна за темата и целите на настанот? **30%**

**Креативност и иновативност –** Дали нуди свеж, модерен, креативен или имагинативен пристап за решавање на онлајн предизвиците? **20%**

**Познавање на целната група -** Дали и колку е соодветна за возраста и потреби на целната група? **15%**

**Техничка изводливост -** Дали идејата е технички изводлива? Дали овој проект може да се имплементира или понатаму да се развива? Дали ги зема предвид ресурсите и употребата? **20%**

**Тимска соработка -** Дали членовите на тимот имаат подделени улоги и/или вештини кои се надополнуваат? **15%**

# Сесија за Прашања!